**Република Северна Македонија**
**НОТАР**
**Ариф Незири**
**Тетово ул.Дервиш Цара бр.10**
**20.11.2024 година**

**ОДУ број 321/24**
**Извод**

време на составување на Записникот 12:00 часот

**-----------------------------------------------НОТАРСКИ АКТ-----------------------------------------------**

Јас, Нотар Ариф Незири, од Тетово, со седиште на ул.Дервиш Цара, Бр.10, Нотар за подрачјето на Основниот Суд во Тетово, потврдувам дека по Барање за водење записник на седница на Собрание на акционери заведено под број 0204-2119 на ден 28.10.2024 годинадоставено до мене од страна на Правната служба на Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан ТЕТЕКС акционерско друштво - Тетово (во понатамошниот текст: Друштвото), со седиштена ул.Браќа Миладинови, бр.1 во Тетово, со ЕМБС 4037537, а потпишано од страна на Светлана Соколовска, денес на ден 20.11.2024 година, во седиштето- просториитена Друштвото, во Тетово на ул.Браќа Миладинови, бр.1, присуствував на седницата на Собранието на Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан ТЕТЕКС акционерско друштво - Тетово, во својство на записничар, па согласно член 92 од Законот за нотаријатот (Службен Весник на Република Северна Македонија број 72/2016) и член 407 од Законот за трговски друштва (Службен Весник на Република Северна Македонија број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10 и 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 06/16, 30/16 и 61/16) го составив следниот:----------------

**-------------------------------------------------НОТАРСКИ АКТ-------------------------------------------------**

**---------------ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ---------------**

**-------------на Волнарски комбинат Тодор Циповски - Мерџан ТЕТЕКС АД - Тетово ------------**

-одржана на ден 20.11.2024 година-------------------------------------------------------------------

Седницата беше закажана со почеток во 12:00 (дванаесет часот), а започна со работа со почеток во 12:05 (дванаесет часот и пет минути)----------------------------------------------------

Пред отпочнувањето на седницата на Собранието на акционери на мое барање ми беа предочени:----------------------------------------------------------------------------------------------------

-Акционерска книга на Друштвото од 18.11.2024 година издадена од ЦДХВ на РСМ -----------

-Тековна состојба на Друштвото издадена на ден 20.11.2024 година со деловоден број 0805-50/150020240408289 од страна на Централен Регистар на РСМ Регионална регистрациона канцеларија во Тетово(сите прилог кон овој записник).-------------------------------------------------

-Јавен повик за одржување на Годишното Собрание на акционерите на Друштвото, објавен согласно Законот за трговски друштва на половина страна во весникот Нова Македонија бр.26.243 од 18.10.2024 година на страна 18, со кој се повикуваат акционерите на Друштвото да присуствуваат на седницата на Годишното Собрание на акционерите на Друштвото, на ден 20.11.2024 година со почеток во 12:00 часот во Тетово на ул.Браќа Миладинови, Бр.1(сите прилог кон овој записник).----------------------------------------------------------------------

-Список на присутни акционери (сите прилог кон овој записник).--------------------------------------

-Список на акционери кои гласале преку коресподенција согласно член 55-а од Статутот на Тетекс АД Тетово и член 400-а од Законот за трговски друштва (сите прилог кон овој записник).--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред самиот почеток на седницата на Собранието, изготвениот список на акционери пријавени на Собранието им беше даден на присутните акционери да го верификуваат истиот со свој потпис - (сите прилог кон овој записник).--------------------------------------------------

Седницата на Собранието ја отвори Светлана Соколовска од Тетово, [illegible], родена на ден 12.07.1964 година во Тетово, чиј идентитет го утврдив од нејзината лична карта со регистарски број [illegible] и ЕМБ [illegible], издадена на ден 05.10.2023 година од страна на МВР Тетово, претседавач избран на годишно собрание на акционери на Друштвото на ден 19.04.2024год., која истакна дека Одборот на директори на ден 17.10.2024 година донесе Одлука бр.0202-2066/3 за одржување на Собрание на Акционери на

Друштвото со предложениот и објавен дневен ред за работа на Собранието на акционери.
Претседавачот истакна дека седницата на Собранието на акционери на Друштвото е
свикана согласно Законот за трговски друштваи член 45 и 46од Статутот на Друштвото и
Одлуката на Одборот на директори цитирана погоре. Кажа дека согласно Законот за
трговски друштва, Јавниот повик за одржување на Собранието на акционерисо
предложениот дневен ред е објавен во весникот "Нова Македонија" на ден 18.10.2024 година
и истиот со соодветна документација согласно Законот за трговски друштва е објавен и на
интернет страницата на Друштвото и преку СЕИ-НЕТ на берза.Во ТЕТЕКС АД Тетово во
законски пропишаниот рок, нема примено предлог за измена на дневниот ред па согласно
тоа Собранието на акционери на ТЕТЕКС АД Тетово ќе работи со дневниот ред утврден во
јавниот повик. Инаку на денот на објавувањето на јавниот повик на берза и во дневен
весник што излегува на цела територија на Република Северна Македонија, согласно
одредбите на законот објавено е известие дека ТЕТЕКС АД Тетово поседува 414171 обични
акции од кои 388781 со право на глас ------------------------------------------------------------
За денешното Собранието на акционери согласно јавниот повик е следниот:-------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------ДНЕВЕН РЕД-------------------------------------------

**I.Процедурален дел:**------------------------------------------------------------------------------
1.Отварање на Собранието,-------------------------------------------------------------------------
2.Избор на претседавач на Собранието,-------------------------------------------------------------
3. Избор на записничар (записникот го води нотар)---------------------------------------------
4.Избор на бројач на гласови,-------------------------------------------------------------------------

**II.Работен дел:**-------------------------------------------------------------------------------------
1.Измена на статутот на Друштвото-------------------------------------------------------------------
-Предлог - Одлука за измена на статут-----------------------------------------------------------
2.Избор на член на Одбор на директори, назначување на независни членови и утврдување
надомест--------------------------------------------------------------------------------------------------
-Предлог - Одлука за избор, назначување и надомест на членовите на Одборот на
директори -------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека согласно член 393 од Законот за трговски друштва, потребно е
да се утврди дали на седницата на Собранието на акционери има кворум за работа.-----------
Утврди дека вкупно 25 акционери со 147350 акции со право на глас, гласале преку
коресподенција, обрасците се уредно доставени до Тетекс АД Тетово. Истите се
евидентирани на Список на акционери кои гласале со коресподенција.------------------------------
Лично присутни 13 акционери преставени со 125257 акции со право на глас. Согласно член
391 став 4 од Законот за трговски друштва сите присутни акционери поединечно со своите
потписи го верификувале своето присуство на Собранието на акционери.-------------------------
Односно од вкупно 414171 издадени акции од кои 388781 со право на глас на Тетекс АД
Тетово.-------------------------------------------------------------------------------------------------------
-25 акционери претставени со вкупно 147350 акции, гласале преку коресподенција, односно
37,90%---------------------------------------------------------------------------------------------------
- 13 акционери претставени со 125257 акции лично присутни, односно 32,21%.------------------
На Собранието на акционери на Тетекс АД Тетово, на ден 20.11.2024 година се преставени
вкупно 38 акционери со 272607акции, односно 70,11%-----------------------------------------------
Списокот на акционери кои гласале преку коресподенција и Списокот на присутни
акционери се во согласност со Акционерската книга на Тетекс АД Тетово.------------------------
Претседавачот констатира дека се исполнети сите услови за одржување на седницата на
Собранието на Друштвото и рече дека согласно член 393 од Законот за трговски друштва
на седницата на Собранието има кворум за работа и полноправно работење и одлучување.--
Светлана Соколовска истакна дека во процедуралниот дел од седницата треба да се избере
Претседавач со седницата на Собранието на акционери. Побара од присутните акционери да
предложат претседавач. Акционерот Борислав Трповски ја предложи Светлана Соколовска од
Тетово, ул.141 бр. 6, родена на ден 12.07.1964 година во Тетово, лична карта со регистарски
број 814 и ЕМБ , издадена на ден година од страна на МВР

Тетово, акционер и вработена во Друштвото. Како други предлози немаше, предлогот е ставен на гласање.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-25 акционери преку коресподенција со вкупно 147350 акции со право на глас и исто толку гласови, гласале "ЗА""ПРОТИВ" нема "ВОЗДРЖАНИ" нема.-----------------------------------------

-13 акционери лично присутни со вкупно 125257 акции со право на глас и исто толку гласови, гласале "ЗА""ПРОТИВ" нема "ВОЗДРЖАНИ" нема.------------------------------------------

-По извршеното гласање вкупно 38 акционери со 272607 акции со право на глас се изјаснија „ЗА„ ‚ПРОТИВ„ нема „ВОЗДРЖАНИ„ нема.-----------------------------------------------------------------

-Претседавачот констатира дека со 100% од гласовите од акционерите преставени на Собранието на акционери, донесе:-------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------**ОДЛУКА**---------------------------------------------------

Светлана Соколовска е избрана за претседавач со 100% од гласовите од акционерите преставени на Собранието на акционери.-------------------------------------------------------------

Претседавачот Светлана Соколовска кажа дека дневниот ред е доставен и објавен во весникот "Нова Македонија"и како во законскиот рок нема измени и дополнувања на дневниот ред Собранието ќе работи по дневниот ред објавен во јавниот повик. Потоа Претседавачот на Собранието на акционери на друштвото рече дека согласно Законот за трговски друштва записникот од седницата на ова Собрание ќе го води нотар. Се заблагодари на Нотар Ариф Незири од Тетово за присуството и водењето записник.---------

Претседавачот рече дека согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото гласањето на седницата на Собранието е јавно за присутните акционери гласање преку коресподенција за акционерите кои го искористиле тоа право и за таа цел за бројач на гласови на седницата е предложен Мирјана Тевдовска.----------------------------------------------

Откако други предлози нема, претседавачот Предлогот го стави на гласање.---------------------

Претседавачот констатира дека -25 акционери преку коресподенција со вкупно 147350 акции со право на глас и исто толку гласови, гласале "ЗА" "ПРОТИВ" нема "ВОЗДРЖАНИ"нема.---------------------------------------------------------------------------------------------

-13 акционери лично присутни со вкупно 125257 акции со право на глас и исто толку гласови, гласале "ЗА" "ПРОТИВ" нема "ВОЗДРЖАНИ" нема.-----------------------------------------

-По извршеното гласање вкупно вкупно 38 акционери со 272607 акции со право на глас се изјаснија „ЗА„ ‚ПРОТИВ„ нема „ВОЗДРЖАНИ„ нема.----------------------------------------------------

-Претседавачот констатира дека со 100% од гласовите од акционерите преставени на Собранието на акционери, донесе:-------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------**ОДЛУКА**---------------------------------------------------

За бројач на гласови на оваа седница се избра Мирјана Тевдовска.-----------------------------------

Собранието започна со својата работа по Работниот дел.---------------------------------------------

**1./еден/** По првата точка од дневниот ред - Предлог Одлука за измена на статут на друштвото. Претседавачот истакна дека Предлог одлуката за измена на статутот на друштвото е објавена на веб сајтот на Друштвото и преку СЕИ-НЕТ, заради навремено информирање на акционерите, за што отвори дискусија по првата точка од дневниот ред. Истакна дека со предлог одлуката за измена на статутот на Друштвото, се предлага измена на статутот во делот на извршните директори на ТЕТЕКС АД ТЕТОВО со оваа измена ќе има 2 (два) извршни директори од 7 (седум) члена од одборот на директори и тоа главен извршен директор и извршен директор, се утврдува надлежноста на главен извршен директор и извршен директор и се врши усогласување на целиот текст на Статутот, со што зборовите Генерален/Генералниот директор се заменуваат со зборовите Извршни/Извршните директори-----------------------------------------------

Претседавачот на седница отвори дискусија по првата точка од дневниот ред и праша кој е за дискусија дали има некој нешто да каже, бидејќи никој од присутните не се јави за збор ја стави одлука за на гласање.-------------------------------------------------------------------------

По извршеното гласање за предлог одлуката за измена на статутот на Друштвото ----------------

Претседавачот констатира дека - 25 акционери преку коресподенција со вкупно 147350 акции со право на глас и исто толку гласови, гласале "ЗА" "ПРОТИВ" нема "ВОЗДРЖАНИ" нема.-----------------------------------------------------------------------------------------

- 13 акционери лично присутни со вкупно 125257 акции со право на глас и исто толку гласови, гласале "ЗА" "ПРОТИВ" нема "ВОЗДРЖАНИ" нема.------------------------------------------

-По извршеното гласање вкупно вкупно 38 акционери со 272607 акции со право на глас се изјаснија „ЗА„ ,ПРОТИВ„ нема „ВОЗДРЖАНИ„ нема.------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека одлуката за измена на Статутот е донесена со 100% од гласовите преставени на Собрание на акционери на ден 20.11.2024 год. ----------------------------
--------------------------------------------------ОДЛУКА--------------------------------------------------
Се усвојува статутарната одлука за измена на Статутот на Тетекс АД Тетово, бр.0202-396/1 од 07.04.2020 година.---------------------------------------------------------------------------------------------------
**2./два/** По втората точка од дневниот ред - Избор на член на Одбор на директори, назначување на независни членови и утврдување надомест на Тетекс АД Тетово, Претседавачот истакна дека на ден 29.10.2024 годинае доставен предлог за Павлинка Трповска за избор на новчлен на Одбор на директори на Тетекс АД Тетово, од 23 акционери со вкупно 51,2% од вкупниот број акции. Предлогот ги содржи сите потребни податоци и истиот веднаш е објавен на веб сајтот на Друштвото и преку СЕИ-НЕТ, согласно ЗТД заради навремено информирање на акционерите. Предлог за друг кандидат нема.----------------------
Претседавачот на седницата истакна дека изборот на член на Одбор на директори, се врши по оставката на досегашниот член Михаил Петковски. Исто така истакна дека со оваа одлука од редот на избрани неизвршни членови, се избираат за независни членови Звонимир Ристоски и Душко Мишески и се утврдува и надоместокот на претседателот на одборот на директори и на неизвршните членови на одборот на директори на Тетекс АД Тетово. Отвори дискусија по оваа точка Од присутните акционери никој не побара збор и претседавачот предлогот за избор на член на Одбор на директори, назначување на независни членови и утврдување надомест на Тетекс АД гостави на гласање.-----------------------------------------------------------------
По извршеното гласањеПретседавачот констатира дека - 25 акционери преку коресподенција со вкупно 147350 акции со право на глас и исто толку гласови, гласале “ЗА” “ПРОТИВ” нема “ВОЗДРЖАНИ” нема.-------------------------------------------------------------------------
- 13 акционери лично присутни со вкупно 125257 акции со право на глас и исто толку гласови, гласале “ЗА” “ПРОТИВ” нема “ВОЗДРЖАНИ” нема.---------------------------------------
-По извршеното гласање вкупно вкупно 38 акционери со 272607 акции со право на глас се изјаснија „ЗА„ ,ПРОТИВ„ нема „ВОЗДРЖАНИ„ нема.------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека одлуката за избор на член на Одбор на директори, назначување на независни членови и утврдување надомест е донесена со 100% од гласовите. преставени на Собрание на акционери на ден 20.11.2024 год.---------------------------------------------
--------------------------------------------------**ОДЛУКА** --------------------------------------------------
1.За член на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово се избира-------------------------------------
-Павлинка Трповска дипломиран економист од Скопје ------------------------------------------------
Мандатот на членот на Одбор на директори е шест години и тече сметано од денот на влегување во сила на оваа Одлука. На членот на Одбор на директори му се утврдуваат права и обврски согласно Законот, Друштвото и Договорите.-----------------------------------------------------------------
2 Од редот на избрани неизвршни членови за независни членови се избираат Звонимир Ристоски и Душко Мишески согласно одредбите од Законот за трговски друштва.---------------------------------
3.На претседателот на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово му се утврдува месечен----- паушал во бруто износ од 50.000,00 ден.--------------------------------------------------------------------------
4 На неизвршните членови на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово им се утврдува----- месечен паушал во бруто износ од 33.333,00 ден.------------------------------------------------------------
Претседавачот констатираше дека по гласањето на втората точка од дневниот ред се исцрпи дневниот ред и го честиташе изборот на новиот член на Одборот и им посака успешна работа на новиот состав на Одборот. и со тоа го заклучи денешното Собрание.-------------------------------
Потврдувам дека овој нотарски акт-записник лично го составив и истиот е сочинет на 5 (пет) страни, на 5 (пет) листа. На Претседавачот му го прочитав овој нотарски акт - Записник и го предупредив за правните последици кои произлегуваат од оваа нотарска исправа. Претседавачот Г-ѓа Светлана Соколовска изјави дека записникот и е прочитан на глас и во целост, истиот одговара на вистинската фактичка состојба и изјавува дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа нотарска исправа и дека содржината на овој Нотарски акт одговара во целост на вистинската состојба и како таков истиот го потпишува.------------------------------------------------------------------------------------------------

По составувањето на нотарскиот акт издаден е извод за трговскиот регистар при Централниот регистар на РСМ, еден извод за Волнарски комбинат Тодор Циповски - Мерџан ТЕТЕКС акционерско друштво - Тетово, а изворникот се чува во архивата на нотарот.----------------------------------------------------------------------------------------
Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судкси такси во износ од 500,00 денари е наплатена.----------------------------------------------------------------------------------------
Нотарската награда е пресметана согласно член 41 од Нотарската тарифа (Сл.Весник на РСМ бр.226/16) во износ од 10.000,00 денари.------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавач**----------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------

**Светлана Соколовска-с.р.**

Потврдувам дека овој извод по својата форма и содржина е идентичен со изворникот кој се наоѓа во мојата архива.------------------------------------------------------------------------
ОДУ Број 321/24-------------------------------------------------------------------------------
Во Тетово, 20.11.2024 година------------------------------------------------------------------

**Нотар**
**Ариф Незири**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основен суд во
НОТАР
АРИФ
НЕЗИРИ
ТЕТОВО